РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 09-3836/5

08-01-2021/v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (,,Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница, одржано на ден 30 декември 2020 година, донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-3836/1 од 16.11.2020 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-3836/1 од 16.11.2020 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3836/1 од 16.11.2020 година е оформен по сопствена иницијатива.

Државаната комисија по сопствена иницијатива изврши увид за тоа дали директорот на ------------------ од -------------- има поднесено Изјава за интереси.

Од извршениот увид, Државната комисија констатира дека лицето -------------- во законски утврдениот рок по именување на функцијата директор на ЈОУГД --------- од Велес, не поднело Изјава за интереси, со што постапило спротивно на член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на член 114 став 3 од од Законост за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог.

Од страна на именуваното лице до Државната комисија е доставен доказ за уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: м-р Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**